СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Единаесетта  седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 29 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**XI СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 29.03.1995Г.**

1. МИТЕВСКИ ДРАГАН -стр.27
2. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 23
3. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 14
4. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 6
5. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 3, 4, 5, 8, 7, 9
6. ЦРВЕНКОВСКИ СТЕВО - 21, 23, 24

дневен ред:стр.1

т.1 - на стр.1

т.2 - на стр.10

т.3 - на стр.13

т.4 - на стр.16

т.5 - на стр.17

т.6 - на стр.19

т.7 - на стр.21

т.8 - на стр.24

т.9 - на стр.25

т.10 - на стр.27

т.11 - на стр.28

т.13 - на стр.2

седницата заврши со работа

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 29 март 1995 година

Седницата започна со работа во 13,25, часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Единаесеттата седница на собранието на Република Македонија.

Пратениците Кире Видимче , Игнатие Богдановски, Фаик Абди, Кенан Хасипи, Тито Петковски, Ратка Куљан-Зогравска, Владимир Соколовски, Исмет Рамадани, Петре Трајановски, Јаким Ивнаовски, Симеон Наумовски, Наум Симјановски, и Никола Р. Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Според тоа, за оваа седница го предлагам следниов дневен ред.

1. Предлог на закон за санитарна и здравствена инспекција,

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за соработка во областа на патентите, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за соработката во борбата против тероризмот, недозволената трговија со дрога и организиран криминал помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, со Предлог на закон.

I/2/РД/лј

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за научна, техничка и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија, со Предлог н а закон;

5. Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Договорот за правна помош по граѓански и кривични предмети помеѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Хрватска, со предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за трговска и економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за укинување на визи помеѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен)сообраќај помеѓу владата на Република Македонија и владата на Република Турција со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за научна и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон;

11. Предлог на одлука за основање на меморијален простор во зградата на Собранието на Република Македонија; ,

12. Предлог на одлука за припојување на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје, кон Медицински факултет ООЗТ Клиники - Скопје;

13. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија.;

Дали има некој предлог за изменување и дополнуваше на дневниот ред. (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака?

63 пратеника гласа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Во врска со редоследот на дневниот ред сака да предложи нешто Министерот за здравство г-динот Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас Ве молам, да направиме промена во редоследот на точките на дневниот ред и тоа точка 12 Предлог на одлуката за припојување на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас, да дојде веднаш после првата точка во дневниот ред, затоа што тие два закона се од мојата област.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи предлог е колку што разбрав, после завршувањето на постапката по Предлогот на законот за санитарната и здравствена инспекција да расправаме по 12-та точка.

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за санитарната и здравствената инспекција.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

I/4.-

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман на член 10 за внесување нова точка 16-а , на член 13 и за додавање нов член 18-а со кој Владата несе согласила.

ЗПК поднесе амандмани на член 13 став 1 точка 1 и 2 и на став 5, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

ПРАТЕНИКОТ Мирко Трипуновски поднесе амандмани на член 2 з внесување три нови точки, член 3 за внесување нова точка член 9 за внесување нов став 2 член 10 за внесување нови точки, член 11 за бришење на став 2, и на член 17 за менување на став 1, со кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ване Наумовски поднесе амандмани на член 2 за внесување на две нови точки и на член 8 став 2, со кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Видимче поднесе амандмани на член 2 во уводната речница и на точка 9, член 3 за внесување нов член 11-а и на член 17 став 1, 2, 3, 4 и 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во уводната реченица и на точка 9 поднесени од пратеникот Кире Видимче.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас пред се би сакал да се заблагодарам на големиот број пратеници кои што упатија амандмани во врска со овој закон кој што значи наше живеење, наш опстанок. Сите тие амандмани ни е ги разгледавме тие се многу конструктивни им благодарам на сите сугестии.

I/5.-

Што се однесува до амандманот на пратеникот Кире Видимче ние истиот го одбиваме од причина што зборот особено е ставен од причина што инспекторот врши надзор на голем број области, лица и објект но како особено значајно од санитарно хигиенски аспект е наведеното в членовите 2 и 3,га тоа значи заштита и исправност на прехранбените продукти и водата за пиење. Од тие причини ние го отфрламе амандманот на пратеникот Кире Видимче.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 во уводната реченица на точка 9 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за внесување на три нови точки поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот не го прифаќаме од следната причина што веќе постојат материјални закони, како што е Законот за здравствен над- зор на прехранбените продукти и здравствена исправност на животните намирници во кој децидно е објаснето дека под поимот здравствена исправност на прехранбените продукти и предметите за општа употреба се подразбира и производството и прометот на истите. Од тие причини нерационално е овој закон да се оптоварува со друг материјален доказ, односно да постои паралелизам помеѓу повеќето закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

I/6.-

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Одговорот го слушнав од Владата, но јас претходно сакав да го слушнам тој одговор да кажам дека делот што се однесува на овие мои амандмани го согледав во дел на закони кои што беа донесени на 14-та седница кога се расправаше и за здравствена исправност и за животни намерници и за средства на производство со тоа не би сакал овие мои амандмани негативно да влијаат, да се дуплираат односите во здравствено - санитарниот надзор. Со тоа, бидејќи во водените преговори и со министерот и со главниот инспектор на Република Македонија добив одредени сознанија кои што се внесени во подобрување на квалитетот на текстот и амандманот од член 2 на точка 8 го повлекувам и сите амандмани кои што се во наредните точки набележани ги повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 за внесување на две нови точки поднесени од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот на пратеникот Ване Наумовски се одбива од причини што согласно законот за исправност на животните намирници не се прави разлика дали се работи за намирници и предмети кои што се од домашно производство и продукти кои што се од увоз.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој  друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за внесување на две нови точки поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот не се прифаќа од причина што зборот особено е ставен поради тоа што инспекторатот врши надзор на голем број области, дејности лица и објекти, меѓутоа тоа е особено значајно што е ставено во вториот и третиот член треба да се потенцира каде е главната поента во работата на инспекторатот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за внесуваше нова точка поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски.

Го молам предавникот на Владата да се произнесе.

Го повлекува амандманот Мирко Трипуновски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен пратеникот Ване Наумовски.

(Го повлекува).

I/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 9 за внесување нов став 2 поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 10 за внесување на две нови точки поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 10 за внесување на нова точка 16-а поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Молам кој бара збор?

(Го повлекува амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 13 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски.(Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот за додаваше нов член 11-а поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот на предлагачот Кире Видимче се одбива од причина што информациите за санитарно техничките состојби и санитарен надзор се достапни во јавноста, а тоа е регулирано со Законот на органите на управа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)  г

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за давање нов член 11-а поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Молам, кој бара збор? (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 17 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Мирко Трипуновски. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, 2,3 и 4 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот се одбива од причина што сите казнени одредби се усогласени со законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 1 и 2, 3, 4 и 5 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-а поднесен од пратеникот Никола Г Поповски.

Го повлекува.

Продолжуваме со претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам предлогот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за санитарна и здравствена инспекција.

Имаме предлог од министерот за здравство г-дин Филипче сега да расправаме за 12 точка.

Дали се прифаќа овој предлог?

Кој го прифаќа нека крене рака? (63).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува. од гласање? (не).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **точката 12** - Предлог на одлука за припојување на Закон за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје кон Медицинскиот факултет ООЗТ Клиники Скопје.

Предлогот на одлуката и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделани.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор? го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам предлогот по текстот и текстот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63).

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за припојување на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас кон Медицинскиот факултет ООЗТ Клиники Скопје.

I/11.-

Минуваме на **точката 2**. - Предлог за донесуваше на закон за ратификација на договорот за соработка во областа на патентите со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува заклучокот за донесување на закон за ратификација на договорот за соработка во областа на патентите. Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен:.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (62)

Дали е некој против?(Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам предлогот по текстот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали е некој против? (Не) .

Дали некој се воздржува од гласање? (не).

Констатирам дека Собранието го донесе Закнот за ратификација на договорот за соработка во областа на патентите.

II/1 ЈМ/ПН

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да се обезбедат претставници на Владата.

Предлагам кратка пауза. (По паузата)

Да продолжиме со работа.

Ве известувам дека овластен претставник од Владата по сите точки ќе биде Илија Филипче, министер за здравство.

Да го утврдиме точниот број пратеници во салата. (Во салата се присутни 63 пратеници)

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во борбата против тероризмот, недозволената трговија со дрога и организиран криминал помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во борбата против тероризмот, недозволената трговија со дрога и организиран криминал помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

Кој е за, молам да крене рака. (61)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (63)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, по предлогот на законот покрај другите работи стои и заедничко делување во борбата и соработка меѓу другото и против организираниот криминал, Дали ние со ова практично признаваме дека во оваа држава постои организиран криминал?

Второ, никаде во овој предлог на закон не стои што подразбира тоа организиран криминал?

Ние ратификуваме нешто што не е напишано во предлогот на законот.

Барам точно да се прецизира што е тоа организиран криминал, да знаеме што потпишуваме, што ратификуваме?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот. ЗПК поднесе амандмани за менување на називот на пред- логот на закон за менување на член 1.

Отворам претрес по амандманот за менување на називот на предлогот на законот поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Го прифаќаме и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлог на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали некој е против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот за соработка во борбата против тероризмот, недозволена трговија со дрога и организиран криминал помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Спогодбата за научна, техничка и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научна, техничка и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија.

Кој е за, молам да крене рака. (65)

Дали некој е против. (никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека е усвоен заклучокот,

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (64)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (65)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за научна, техничка и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за правна помош по граѓански кривични предмети помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доста- вени односно, поделени.

Отворам претрес по Предлогот аз донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за правна помош по граѓански кривични предмети помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

Молам, кој е за да крене рака. (66)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше. (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (66)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани за преформулирање на називот на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на називот на предлогот на законот, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Ве молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (66)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот за правна помош по граѓански кривични предмети помеѓу Владата. на Република. Македонија и Владата на Република Хрватска.

Минуваме на **точката 6** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговска и економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговска и економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Кој е за, молам да крене рака. (65)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (61)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани за преформулирање на називот на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на називот на Предлогот на законот поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (64)

Дали има некој против. (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за трговска и економска сорботка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Минуваме на **точката 7** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за укинување на визи помеѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доста- вени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за укинување на визи помеѓу Република Македонија и Република Словенија.

Кој е за, молам да крене рака. (66)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (65)

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа пратеници, сакам лично да го изразам задоволството за донесуваше на ваков закон со кој се укинуваат визите помеѓу Република Словенија и Република Македонија. Со тоа ќе овозможиме да ја прошириме и така широката соработка помеѓу Македонија и Република Словенија.

Уште еднаш сум радосен со овој закон се донесува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно -правната комисија поднесе амандмани за преформулирање на називот на Предлогот на законот и за менување на член 1.

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на називот на предлогот на законот поднесен од Законодавно - правната комисија

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 за менување на член 1. поднесен ©д Законрдавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

III/2

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за укинување на визи помеѓу Република Македонија и Република Словенија.

Минуваме на **точката 8** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република, Турција со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница

да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Минуваме на **точка 9** – Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија,

<u>со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон, Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

Кој е за,молам, да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Законот.

Кој е за молам, да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

III/5

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

**Десетта точка** - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот,

Молам, кој бара збор?

Господин Митевски.

**МИТЕВСКИ ДРАГАН:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед да со поднесувањето на Предлог на законот за измени на Законот за патните исправи, моите намери погрешно беа протолкувани во јавноста и мислењето дадено од Владата и сето она што беше во јавноста презентирано и во штампа дека со пасошот дипломатски се прави бизнис во странство и така натаму, и ако моите намери не беа во тоа туку беа да се стават пратениците во рамноправна положба со другите останати функционери и раководители на органите на управата, користам прилика да заблагодарам на Законодавно – правната комисија за поддршката на Законот, меѓутоа од сите тие причини кои до сега се случија јас го повлекувам Законот од процедура.

III/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Минуваме на **<u>точката 11</u>** - <u>Предлог на одлука за основање меморијален простор во зградата на Собранието на Република Македонија,</u>

Предлогот на одлуката, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по предлогот на одлуката.

Предлагачите на Предлогот на одлуката поднесоа амандмани на преамбулата член 1 став 1 и 2 и 3 и за менување на член 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја .донесе одлуката за основање на меморијален простор во зградата на 'Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **<u>точка 13</u>** - <u>Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија.</u>

Предлог на Републичкиот судски совет за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување го ставам на гласање.

Кој е за разрешување молам, да крене рака? (63)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го разреши Томе Пулејков од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,20 часот.)